## СДС е партија на многу проблеми, народот одамна го виде самоволието на Заев, сега го прочитаа и членовите на СДС

СДС е киднапирана партија. Зоран Заев ја држи СДС како заложник на своите криминални и бизнис интереси. Се однесува како да се работи за негова приватна фирма, па сам одлучува кого ќе исклучи, кого ќе кандидира.

Вчерашната изјава дека допрва ќе одлучуваат телата и органите за исклучувањето на Максим Димитриевски, само покажува дека тоа кое што Заев го сака, партиските органи само го исполнуваат.
Дополнително скандалозно во изјавата на Заев е дека тие за овие избори не кандидираат личности, туку негови послушници и пиони. Впрочем тоа го покажува и со кандидирањето на братучедот на Оливер Спасовски за Куманово и бизнис партнерот на Вице Заев за Битола. СДС веќе не е партија, туку маша на мафијата предводена од Заев.
Зоран Заев станува проблем за самата партија, но и за Македонија. Ваквите чекори се

само одраз на очајот се наоѓа Заев во пресрет на изборниот пораз. Колку повеќе ќе наближува поразот, толку повеќе ќе расте нервозата на Заев и на виделина ќе излезе целиот негов недемократски капацитет. ***ВМРО-ДПМНЕ***